СЕГА

СЕГА Р. Македонија

# ГОДИШНА ПРОГРАМА

# 2009

СЕГА

Коалиција на младински организации

## ПОРТФОЛИО НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА

**Формирање на Коалиција СЕГА**

Иницијативата за формирање на Коалиција на младински организации беше покрената од страна на Младински Совет - Прилеп и две партнер-организации за аплицирање и имплементација на проектот "Младински Национален Акционен План". Како продолжение на започнатиот процес, Коалицијата на Младински организации "СЕГА" неформално е формирана на 20 Јануари 2004 год. со цел да придонесе кон процесот на креирање и имплементација на Националната стратегија за млади на РМ и да помогне во исполнување на потребите на младите. На 27 Септември 2004 год. е донесена одлука за формално регистрирање на Коалицијата како здружение на граѓани.

Членството на Коалицијата го сочинуваат 19 полноправни и 13 придружни организации-членки.

Управувачката структурата ја сочинуваат следниве органи:

- Собрание - составено од сите членки;
- Управен одбор - составен од 5 претставници од организации полноправни членки;
- Надзорен одбор - составен од 3 членови.

Извршната структура е организирана во Централна канцеларија со седиште во Прилеп и 5 регионални канцеларии во: Штип, Охрид, Тетово и 2 во Скопје.

**Визија**

СЕГА е одржлива и развиена младинска организација која делува на локално, национално и регионално ниво, долгорочен и сериозен партнер во имплементација на младински програми заедно со младите, НВО-и, државните институции и бизнис-секторот.

Нашето делување доведува до подобрена општа состојба на младите, нивна вклученост во донесување одлуки и примена на законски регулативи.

Нашиот успех се препознава во промовирањето на младите како ресурс во општеството, спремни да одговорат на новите предизвици.

**Мисија**

Коалицијата на младински организации "СЕГА" континуирано работи на застапување и лобирање на полето на младинската политика во РМ, ги поврзува и јакне младите со цел подобрување на нивната општа состојба.

## НАРАТИВЕН ОПИС НА ПРОГРАМАТА

*За прв пат оваа година предлог годишната програма за работа на Коалицијата на младински организации СЕГА е базирана на основните приоритети од Националната Стратегија за млади на РМ (НСМ). Предложените активности се однесуваат на приоритетите за кои Коалицијата СЕГА има соодветни капацитети за имплементација.*

### 1. Младинска партиципација

Во состав на предвидените активности за 2009 година од приоритетот Младинска партиципација ќе се развијат проекти кои ќе се однесуваат вклучување на студентите во процесите за намалување на Корупцијата во Високото образование. Предвидени се активности во повеќето факултети во Република Македонија спроведувајќи истражување за степенот на корупција како и одржување на презентации и округли маси со цел информирање на студентите за постоечките механизми и начини за препознавање и пријавување на корупција. Дополнителна компонента во овој процес ќе биде градењето на капацитетите претставниците на студентите кои се дел од механизмите за следење на случаите на појави на корупција на факултетите во Македонија.

Во Октомври 2008 година Коалицијата започна со имплементација на проектот ″Едукација на млади гласачи″ финансиран од страна на NED и Коалиција СЕГА. Со проектот беше предвидено реализирање на работилници во 13 градови во Република Македонија како и форуми во 26 рурални средини од страна на обучени локални едукатори. Исто така се предвидени по 2 инфо-денови во таргетираните градови како и 5 музички настани.
Резултатите од имплементацијата на овој проект ја наметнаа потребата од развивање на програма за едукација на млади гласачи. За таа цел Коалицијата планира да развие концепт за реализација на оваа програма со кој ќе се опфати поголема територија на Република Македонија во која ќе се вклучат поголем број на лица кои се инволвирани во работата на коалиција СЕГА. Оваа програма претставува долгорочна можност за активности поврзани со едукативен процес за учество на младите во процесите на донесување на одлуки.

Кон крајот на 2008 година, Коалицијата СЕГА започна со имплементација на проект за зголемено учество на младите во процесите на донесување на одлуки на локално ниво (во општините Штип, Ресен и Радовиш). Проширувањето на овие активности во други општини ќе придонесе кон ставање на потребите на младите на агендата на локалните власти, овозможувајќи нивно решавање. Па така, во текот на 2009 година планирано е проширување на истиот модел во дополнителни три општини во Македонија каде ќе се формираат Совети на млади во општините како алатка за учество во работата на Советите на општините.

2. **Локална младинска работа**

Во согласност со приоритетот Локална младинска работа од НСМ на локално ниво предвидено е реализација на проекти кои ќе опфатат креирање на младински политики на локално ниво со цел зголемување на активното учество на младите во политичкиот, социјалниот, економскиот и културниот живот во локалната заедница. Активностите насочени кон исполнување на оваа цел опфаќаат акции, механизми за информирање, едукации и тренинг програми од областите животна средина, здравје на младите и учество на младите заради збогатување на нивниот асоцијативен живот. Со цел остварување на оваа програма во план е изработка на локални младински стратегии вклучувајќи планирање на институционализација на младинската работа и младинските активности на локално ниво преку инволвирање и соработка на младите и младинските здруженија со општината. Клучни активности во рамки на оваа цел се изготвувањето на акционен план за подготовка на локални младински стратегии и поддршката за подготовка на стратегиите. Планираните активности опфаќаат отпочнување на процеси за изготвување на локални младински стратегии во 10 градови во Република Македонија.

3. **Култура**

Со цел делување кон имплементацијана предвидените активности од приоритетот Култура (од НСМ) предвидена е имплементација на проект за изготвување на ″Младинска стратегија во културата на локално ниво″. Истиот би се однесувал на креирање и донесување на локална младинска стратегија за културата во една општина во РМ. Со овој проект ќе се доставаат предлози и насоки за Локална Младинска Стратегија за култура до Локалната Самоуправа при што ќе се овозможи учество на млади луѓе при креирањето на локалните културни политики.

4. **Мобилност на младите**

Во текот на 2008 година во Мкаедонија беше отворена Националната Агенција за Европски Образовни Програми и Мобилност чија надлежност ќе биде и водење на програмата Млади во Акција (Youth in Action). Со цел промоција на програмата Млади во Акција (Youth in Action) на Европската Комисија 2007 – 2013 помеѓу младите луѓе и младинските организации во Македонија ќе се организира тридневна обука. Обуката е предвидена да обезбеди учество на 25 претставници од организации – членки на Коалиција СЕГА. Учесниците на обуката ќе се стекнат со знаења и вештини за програмата Млади во Акција и ќе имаат можност да пишуваат проекти во апликациона форма на програмата Млади во Акција.

## 5. Институционална рамка на Националната Стратегија за Млади на РМ

Една од основните стратешки цели на Коалицијата е лидерство во процесите на имплементација на НСМ. Во таа насока во почетокот на 2009 година (по усвојување на Акциониот план (АП) за имплементацуја на НСМ од страна на Владата на РМ) ќе се организира „Промоција на Националниот Акционен План„ која ќе се базира на соработка со релевантните институции во државата, задолжени за имплементација на младинската стратегија и директна соработка со локалните организации во 20 градови во РМ. Промоцијата има за цел да го подигне профилот на Коалицијата на локално ниво, зголемуваќи ја и видливоста кај целните групи. Од посебна важност ќе биде организирањето на настани за локална промоција на Коалицијата, кои вклучуваат организирање на тркалезни маси со младински организации на локално ниво, средби со локални самоуправи, дебати на дефинирани младински теми и организирање на настани за промоција и презентација на Коалицијата. Овие активности во крајна линија ќе рефлектираат кон регрутирање на ново членство, воспоставување соработка со локалните власти и институции и ќе иницираат подготвителен процес за изработка на локални младински акциони планови.

По усвојувањето на АП од страна на Владата на Република Македонија ќе биде насочена кон креирање на **Оперативен План за 2009 година** (ОП) за имплементација на АП кој ќе претставува појдовна точка за реализација на активностите предвидени во самиот план.

По изработката на Оперативниот План е предвидено организирање на Донаторска Конференција на која ќе бидат поканети повеќе претставници на домашни и странски донатори на кои ќе им биде презентиран подготвениот ОП. Со конференцијата ќе се овозможи простор за финансирање на активности предвидени со ОП. Коалицијата ќе биде вклучена во имплементацијата на ОП со подготовка и реализација на проект кој ќе се однесува на примена на родовата еднаквост во младинските политики.

## 6. Меѓународна Соработка

Во однос на полето на меѓународна соработка, Коалицијата ќе продолжи да развива проекти за Млади во Акција Програмата при Европската Комисија преку која голем дел ќе се делува кон развивање на меѓународната соработка. СЕГА ќе подготвува и аплицира предлог проекти во соодветните Акции од програмата во утврдените рокови 31$^{ви}$ Мај и 31$^{ви}$ Август 2009 год. Исто така Коалицијата на покана на интернационални организации ќе учествува на настани како учесник или партнер организација.

## Редовни активности

За подобро следење и подобрување на работата на Коалицијата се планира да се спроведе Организациска самопроценка во текот на 2009 година. Управниот и Надзорниот одбор ке спроведат внатрешна евалуација / ревизија на работата на канцелариите на СЕГА во однос на програмското и финансиското работење. Предвидено е во месец декември 2009 година да биде направена евалуација на работата на Коалицијата од надворешен независен ревизор.

Стратешкиот План на Коалиција СЕГА изготвен за периодот од 2005-2008 година веќе не е применлив во Програмските определби на Коалицијата со почетокот на 2009. Тоа значи дека потребно е да се изготви нов 3-годишен Стратешки План за делување на СЕГА. Процесот на изработката на новиот Стратешки План е предвиден да започне во Јуни 2009 година, финансиски поддржан од страна на Институт за Трајни Заедници/УСАИД. Во состав на Планот предвидено е поставување на нови механизми и процедури за системот на интерната комуникација во Коалицијата, како и Институционалне Развој на Коалицијата.